утрински Весник
Број 1447 понеделник, 16 октомври 2006





Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder



### РЕЦЕНЗИЈА

# Светогледи што ги надминуваат национални рамки

**Кон постхумната изложба на Маја Бикова во Галеријата "Безистен" во штип**



Гоце Божурски

Изборот токму Штип да биде годинешната престолнина на културата не е случаен, бидејќи има и потенцијал и капацитет и развиена институционална инфраструктура да одговори на потребите и предизвиците на таквата фаворизирачка и супериорна поставеност на една интензивна, перманентна и грандиозна манифестација. Штип бил и се уште е град кој дава високо стручни, изградени и оформени релевантни персоналитети во разни професии од општественият и културниот живот. Нема сомнение, оние кои ја познавале прерано починатата Маја Бикова, верувале дека таа ќе израсне и ќе се приклучи кон таа плејада која се вградила и дала печат на нашето постоење. Преураната смрт за жал ја спречила во тоа што самата таа го имала и во изобилство го поседувала за да ни го понуди. За оние кои немале прилика одблизу да ја запознаат, госпоѓа Добрила, нејзината мајка покрена иницијатива која Музејот и Завод со галеријата подготвено ја прифати за посеопфатно претставување преку самостојна изложба пропратена и со монографски каталог за кој толкување на повеќето аспекти, од не толку обемен, но богат творечки опус на Маја Бикова го дава нашиот истакнат и врвен проследувач и проучувач на ликовните настани - ликовниот критичар, проф.д-р Владимир Величковски.

Кроткаta, тивка, необична, ненаметлива и повлечена, но длабоко мисловна, чувствителна и сентиментална природа на Маја во која се прекршувале прагматичните својства на суровоста на човештвото, во најголема мерка била пресудна за нашите штури сознанија за нејзините творечки интересирања и остварувања. Евидентноста на инвентивните достигнувања и естетски резултати во творбите презентирани на изложбава, иако можат да укажат, да ја илустрираат уметничката физиономија, за нас мошне драгоцени за добивањето на поцелосна претстава за личноста на Маја е нејзиниот дневник каде ги проследуваме размислувањата, дилемите, противречностите, откриваме како се обидувала и изградувала свој став за најразлични ситуации, видувања, контексти, се запрашувала за општоважечки етаблирани состојби, за востановените односи, за уметничките и вонуметничките својства на ликовниот продукт, правото на егзистенција на естетските и вонестетски феномени, за уметничкото доживување и уметничката креација, за емоцијата, интензитетот на чувствувањето, за многу, многу теми и содржини од реалноста и секојдневието, а најповеќе од се за оние предизвикани од моменталната состојба на духот, имагинацијата, филозофско-естетските подрачја и дестинации . . . и сл. Доволно е да се погледаат некои извадоци од дневникот па да се констатира не само огромното љубопитство, опсерваторски, аналитички, длабоко мисловно - расудувачки, туку и немирен, постојано истражувачки, сугерирачко иманентен дух кој освен незадоволство преферира преобликување или менување на секојдневната слика на шематизираност, конвенционалност и традиционалност . . . Таа со своите погледи, со своите светогледи, ја надминуваше генерацијата на која и припаѓаше, но и локалните, национални рамки. Таа знаеше дека со сето свое битие му припаѓаше на светот и не ја криеше подготвеноста да стане дел од него, таму да се дообразува (од колеџот во Лондон, од професорот Бернард Каен, добива потврден одговор за магистратура), но желбата останува неостварена па успева само да пропатува повеќе европски центри. Се разбира, ниту тоа е малку, ниту пак во корелација со лирската чувствителност, не било без влијание за нејзиното творечко и персонално битие. Како што ќе забележи Величковски, "животната судбина на Маја Бикова натажува,

24 часа on line
TeleKabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
bio sph е решението што го барате
АЛКАЛОИД а.д.
посветен на луѓето од Југоисточна Европа. od 1999. g.do danas.
граѓански СВЕТ во Македонија
Antenna5.FM

но таа е органски поврзана со нејзиното творештво, давајќи му редок белег на искреност и оригиналност".

Нејзиниот дијапазаон на интересирања беше голем, а во формирањето улога подеднакво имаат проучувањата врз класични примери како што е Леонардо, преку авангардните модернисти Малевич, Миро, Матис, Калдер, Ѓакомети, до оние кои му припаѓаат на поновото време Кавара, Холцер, Готје и др., но и некои од нашето поблиско опкружување како што се Владимир Величковиќ, Оља Ивањицки или Божидар Дамјановски. Листата на споменативе имиња, која не е исцрпена, веројатно ја сугерира широчината на творечкото љубопитство кое не се заснива само на интуитивно и според вокација приближување кон некои од карактеристичните, препознатливи белези на остварувањата на овие автори, туку тоа е повеќе плод на истражувачки, проучувачки однос кој е опсервирачки и длабоко аналитички со филозофска димензија. Потенцирајќи ја уште еднаш широката, комплексната, богатата, чувствителната, сентименталната и меланхолична природа на Маја, нејзиното уметничко и животно спротивставување кон одредени задолжителни модели, укажувајќи на евидентното творечко љубопитство во областа на цртежот, графиката, колажот и сликарството, несомнено, натамошните презентирања на поставката и во други средини ќе придонесат оваа авторка, постхумно да се уврсти меѓу оние кои имаат значење во македонската современа ликовна уметност.

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани